20081102179

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 1 септември 2008 година.

Бр. 07-3678/1
1 септември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОДБРАНА

Член 1

Во Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" број 42/2001, 5/2003 и 58/2006), во членот 19 точката 5) се менува и гласи:

"5) Одлучува за влегување и излегување на вооружени сили на странски држави внатре и надвор од територијата на Републиката, престој и преминување во врска со нивното учество во вежби и вежбовни активности, мировни и хуманитарни операции како и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, во согласност со ратификувани меѓународни договори."

Член 2

Членот 41-а се менува и гласи:

"По исклучок од членот 41 став 3 на овој закон, одлука за испраќање на единици на Армијата надвор од територијата на Република Македонија за учество во мировни операции предводени од НАТО и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана во согласност со ратификувани меѓународни договори донесува Владата."

Член 3

Насловот на Глава XVII. "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ" се менува и гласи: "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

Член 4

Членот 168 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на граѓанинот за прекршок, ако:

1) не даде средства или добиток по основ на материјална обврска или податоци во врска со нив (член 14);

2) не го извести Министерството за одбрана за промена на податокот значаен за водење на воената евиденција (член 88 став 3);

3) не се отповика на покана од надлежен орган (член 89) и

4) врши снимање или научни и други истражувања без одобрение на Министерството за одбрана (член 141 став 2).

Глобата од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на странски државјанин ако не даде средства или добиток по основ на материјална обврска (член 15).”

Член 5

Членот 169 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 400 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на припадникот на Армијата ако организира политичка партија или здружение на граѓани во Армијата, ако во вршењето на службата во Армијата се раководи од своите политички убедувања или ако на политички собири и манифестации учествува во воена униформа или манифестира партиски обележја, симболи или други знаци на политички партии (член 47).”

Член 6

Членот 170 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговско друштво, јавно претпријатие, установа или служба, ако:

1) не даде на користење средства или добиток по основ на материјална обврска или податоци во врска со тоа (член 14);

2) не даде податоци за воените обврзници кои се од значење за водење на воената евиденција (член 88 став 2);

3) не преземе мерки за заштита и спасување на работниците, материјалните добра и корисниците на услугите во воена состојба (членови 91и 96);

4) не продолжи со производство и вршење услуги во воена состојба (членови 91и 97);

5) не се подготвува за производство и вршење услуги во воена состојба (членови 92и 98);

6) не учествува во изведување на вежбовни активности (членови 93 став 1и 99 став 1);

7) во воена состојба не даде приоритет на задоволувањето на потребите на Армијата, органите на државната власт, републичките сили за заштита и спасување, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби што се од посебно значење за одбраната (член 95 став 1);

8) не ги применува мерките за криптозаштита, противелектронско обезбедување и други мерки за заштита (член 102) и

9) врши снимање од воздух и други видови истражувања без одобрение на Владата или Министерството за одбрана (член 141).

Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во трговското друштво, јавното претпријатие, установа или служба, за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глобата од ставот 1 на овој член ќе му се изрече и на странско трговско друштво или трговец-поединец ако не даде средства или добиток по основ на материјална обврска.”

Член 7

Членот 171 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на единицата на локалната самоуправа ако не се подготвува за извршување на обврските од областа на одбраната (член 100).”

Член 8

По членот 171 се додаваат три нови члена 171-а, 171-б и 171-в, кои гласат:

“Член 171-а

За прекршоците утврдени во членовите 168, 169, 170 и 171 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Министерството за одбрана.

Прекршочната постапка од ставот 1 на овој член пред прекршочен орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Комисија) формирана од страна на министерот за одбрана.

Комисијата е составена од претседател и два члена. Претседателот на Комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од пет години во својата област, а членовите се со високо образование и работно искуство од пет години во својата област.

Покрај членовите на Комисијата, министерот за одбрана може да определи секретар на Комисијата кој врши административни работи за Комисијата и заменици членови кои по исклучок учествуваат во работата на Комисијата во случај на отсуство на некои од членовите.

Комисијата донесува деловник за работа.

Член 171-б

Комисијата има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и да презема дејствија утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.

Комисијата е самостојна и независна во работата и одлучува врз основа на стручно знаење и самостојно убедување.

Комисијата работи во совет, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Против решението на Комисијата со кое се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд.

Комисијата води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од министерот за одбрана.

Член 171-в

Ако Комисијата утврди дек е сторен прекршок, пред изрекувањето на прекршочната санкција е должна на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување, согласно со Законот за прекршоците.”

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.